# ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ„ ВОЛКОВО

# Повик
# за избор на Ученик правобранител и заменик Ученик правобранител

**ООУ „ Јоаким Крчоски „ Волково објавува повик за избор на Ученик правобранител и заменик ученик правобранител.**

**Ученикот Правобранител кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето (училишен кадар и Народен правобранител).**

## Услови за учество

- **Право на пријавување за функцијата Ученик правобранител имаат ученички и ученици од 7 и 8 одделение**
- **Право на пријавување за функцијата заменик Ученик правобранител имаат ученички и ученици од 6,7, и 8 одделение во основното училиште**

## Начин и рок на пријавување

- **Документи за пријавување : пријава и мотивационо писмо**

**Заинтересираните кандидати можат да ја подигнат пријавата објавена на интернет, истата кандидатите треба да ја пополнат и достават до психологот на училиштето на меил jkvolkovo@yahoo.com**

- **Мотивационото писмо се доставува во слободна форма**

- **краен рок за поднесување на документи е** : 03.10.2022 г

## Критериуми за избор

Селекција на пријавените кандидати и избор ќе направи тим од претставници од ученици и од училиштето според следните критериуми:

- пол,
- возраст,
- основно познавање на детски права,
- мотивација за пријавување,
- комуникациски и организациски способност,
- претходно искуство односно вклученост во/вон наставни активности

## Работни обврски на Ученикот правобранител и неговиот заменик

- Учество на воведната обука за улогата на Ученик правобранител, организирана од страна на психологот и Тимот за училишна интеграција
- Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани
- Прибирање на претставки-поплаки од ученици ( препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права)
- Редовна комуникација и координција со психолог и Тимот за училишна интеграција

**Мандатот на Ученикот правобранител и заменикот правобранител е 2 учебни години.**

**Лице за контакт : Гордана Несторовска – психолог**
**jkvolkovo@yahoo.com**

**21.10.2022 година**